*Татјана СТОЈАНОСКА ИВАНОВА*

**УДК: 364.63-027.553:796.093.1**
Прегледен труд

# УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПРЕВЕНИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ЗА ВРЕМЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

***Кратка содржина***

*Во ерата на глобализацијата, во ерата на техничко-технолошкиот развој и унапредување, во ерата на експанзија на информационо-информатичкиот бум, одредени општествени сегменти и феномени не само што не се приклучија кон нивниот прогресивен дискурс, напротив, доживеаја регрес, додека други, кои слободно може да ги вброиме во редот на општествени девијации, не го изгубија здивот со современото и се етаблираа на површина. Семејството, како значаен фактор, доживеа низа трансформаци последните децении, но со право сè уште може да се смета за институција која е првиот бедем во превенирање на насилството. Насилното однесување, посебно во последните децении, зема сè повеќе замав и едно од клучните прашања, кое се наметнува во дискусиите на научната елита, е како тоа правилно и вистински да се превенира. Од сите видови насилство, кои се дел од нашето секојдневие, доминира насилството на спортските манифестации. Истражувањата покажуваат дека семејството, како институција, е значаен фактор во превенирање на насилството на спортските манифестации.*

***Клучни зборови***: *СЕМЕЈСТВО, НАСИЛСТВО, НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

## Вовед

Насилството, со сите негови специфики и обележја, е дел од нашето современо општество и катадневно се соочуваме со разни сцени на насилно однесување. И во 21 век, но и во векот пред тоа, насилството беше еден вид неизбежен „декор“ на разни значајни манифестации, почнувајќи од спортски национални натпревари, преку училишни настани, сè до насилство во јавен превоз. Едно од клучните прашања кои доминираат во социопсихолошките дебати посветени на насилството е прашањето: кои механизми или фактори се суштествени и клучни за спречување и превенирање насилство во сите сегменти на човековото живеење? Недвојбено, покрај факторите кои имаат свое влијание во спречување и превенирање насилство, како што се: образовните институции, масовните медиуми, места каде што членуваат младите во своето слободно време (спортски клубови, играорни друштва), најзначаен фактор кој има најголемо влијание кон трансформација на насилството е семејството.

Иако одредени научници денес, во современото и во ерата на глобализација, ја отфрлаат доминантната и суштинска улога на семејството во спречување и превенирање различни девијации и социопатолошки појави, сепак, најновите истражувањата ги негираат песимистичките погледи за влијанието на семејството врз девијантното однесување и покажуваат негово големо влијание. Имено, истражувањата спроведени во нашата земја во периодот од 2008 до 2010 година ја потенцираа клучната улога на семејството како бедем за насилство за време на спортски манифестации. Токму затоа, истакнати социолози и психолози, како и научници кои се занимаваат со проблемите на семејството во современото, сè уште потенцираат, колку и да звучи марксистички, дека тоа е клетката во секое општество и основен агенс на социјализација и место каде што се подготвува единката за живот во општеството.

Насилството, само по себе, стана специфика на нашето современие и во време кога експлицира, се крева до ниво на морална паника, но во време кога и не е толку на површина, едноставно се заборава и се трга настрана. Затоа неконтинуираното следење на насилното однесување, посебно кај младите и адолесцентите, придонесува за неизнаоѓање вистинска и национална стратегија за негово спречување и превенирање. Сите овие години само во ад хок ситуации се говори интензивно за него, а кога не е експонирано, не е апсолутно и елаборирано. Изминатите години бевме сведоци на експанзија на насилството, посебно за време на спортските манифестации, и токму затоа и се направија одредени истражувања кои имаа цел да се осознаат клучните сегменти за негово намалување. Дел од тие сознанија ќе бидат елаборирани и пренесени во трудот, и истите тие имаат цел да ја потврдат тезата дека семејството, како примарен агенс на социјализација, ја има клучната улога во спречување на насилното однесување за време на спортски манифестации.

## 1. Семејство, насилство, спортски манифестации

За семејството и неговата улога во животот на поединецот говореле и пишувале врвни социолози, научници, за кои семејството било клучен сегмент во нивниот научен опус. Во тој контекст и за значењето на семејството како примарен фактор на социјализација елабориралe: Фредерик Ле Плеј, Вилхелм Рил, Емил Диркем, Ернест Гроуст и други, кои му давале примарно значење на семејството, за дел од нив тоа било основна клетка на општеството, за други – општествен микроорганизам, за трети – прибежиште, а за некои – голема човечка заедница. За улогата на семејството, како примарен фактор на социјализација и суштински елемент во пренесување на правилните и вистински вредности и морални норми, од една страна, и спречување на социопатолошките појави, од друга страна, говори и Милиќ. Според неа, токму суштинската социјализаторска улога на семејството ја истакнуваат Кули, Бергер и Лукман, потенцирајќи дека човекот како битие со неограничени можности мора да се социјализира и правилно да се насочи и да се извлече најдоброто од него. За таа цел, како што истакнува Милиќ, семејството треба да биде средина која ќе ја има улогата да врши процес на формирање на

личноста, а истото тоа треба да ги поседува и следниве специфики: релативна трајност поради сложеноста при пренесувањето на обрасци, поголем степен на активност поради длабинско усвојување на интернализирани обрасци, да овозможи конкретизација на вредносните обрасци и да овозможи заштита на младата личност од некохерентни вредносни системи во општеството (Milić, 2001, 237-242).

Насилството е сериозен општествен феномен и проблем, и со право се вели дека не постои општество што не знае за насилство. Сцени и последици од насилство среќаваме во медиумите, на улиците, во нашите домови, во училиштата, на работа, во организациите. Насилството е универзален камшик кој удира по заедницата и им ги загрозува животот, здравјето и среќата на сите луѓе. Секоја година повеќе милиони луѓе од целиот свет го губат животот како последица од насилство, а на секој еден човек што го губи животот како последица на насилство има голем број луѓе кои се повредени или страдаат како резултат на насилство.

Од многумината автори кои го проучуваат насилството, ќе потенцираме дефиниции кои се најсеопфатни и кои ги содржат суштинските елементи на насилството и насилното однесување. За Камбовски, насилството претставува посебен облик на криминалитет и насилството (силеџиството) е дел од класичниот криминалитет како најбогата групација со повеќе видови кривични дела со исти или слични криминалистичко-релевантни обележја и тука се работи за типичен деликт на насилство заради насилство (Камбовски, 1997). Хеснард, говорејќи за насилството, употребува синтагма дека во самата структура на насилното однесување се наоѓа агресијата и за него насилството е екстремен облик на агресија, која се изразува како нелегитимна и неоправдана примена на сила (физичка и психичка), кое се манифестира како организирано или спонтано, ритуално или како безочно насилство, а во поново време се јавува и како инструментализирано. Шилинг вели дека насилството може да се изрази со вистинска или замислена работа, со зборови, со физичко дејствување, со штета која ја правиме на себе или на друг, со форми кои општеството или општествената групација ги одобрува или не ги одобрува (Schiling, 1976). Галтунг, говорејќи за насилството, ќе ги потенцира поимите директно, структурно и културно насилство. Според него, директно или персонално насилство е она кај кое го препознаваме извршителот. Насилството во кое нема препознатлив извршител се нарекува структурно насилство, а како културно насилство се нарекуваат оние аспекти од културата кои се искористуваат за оправдување или легитимирање на директно или културно насилство. Според него, не постојат насилни култури – оние кои во сите свои аспекти би содржеле насилство, но постојат култури на насилство (угнетување преку идеологија). Па оттаму, насилството е негативно влијание на основните човекови потреби – или за животот што може да се избегне и што ја ограничува потенцијалната можност за задоволување на тие потреби (Галтунг во Анастасовски, Стојаноска, 2010, 24).

Спортските манифестации се игра и прослава на социјалните врски и разбирање меѓу различните културни традиции и токму поради тоа многу е важно да се обезбеди нивно мирно и безбедно одвивање во сигурна средина. Спортските манифестации најчесто се дефинираат како облик на јавен настан, кој стимулира однесување на повеќе илјади луѓе во одреден временски период (Анастасовски,

1988). Но, во последно време, спортските манифестации се и арени на борби каде што се манифестира насилно однесување и се мала симулација на борба. Меѓународните натпревари, посебно, кај луѓето предизвикуваат борбен инстинкт и се ритуален конфликт на една национална заедница со друга.

## 2. Семејството и неговата улога во превенирање на насилството за време на спортските манифестации

Семејството е примарен агенс на социјализација и социјална институција чија функција е правилен психосоцијален развој на личноста, негово унапредување и подготовка за општествен живот. Токму од тоа како ќе се социјализира една личност, кои вредности и норми ќе ги прифати, во најголема мера зависи и неговото однесување во секој животен сегмент. Затоа, при проучување на улогата на фактори за превенирање на насилство во која било сфера, а посебно во спортот, семејството и односите во него се клучни за да се согледа неговото вистинско влијание.

Поаѓајќи од ваквото поимање на семејството и укажувајќи на битните функции на семејството, научниците се концентрираат на неговата социјализаторска функција, ставајќи акцент на социјалната контрола и индивидуалната промоција. Според нив, членовите на семејството разменуваат обврски и ограничувања во личната слобода за поддршката и грижата што ја добиваат од останатите членови. Семејната поддршка, од своја страна, пак, придонесува за постигнувањата и на поединците и на општеството во целина. Овие односи на поддршка се засноваат не само врз емоционални врски, туку и врз вредности и норми што се пренесуваат од една на друга генерација. Врските меѓу генерациите, особено реципрочните врски на помладите и повозрасните членови на семејството, го разликуваат од другите форми на општествени институции.

Анализирајќи го и проучувајќи го семејството, научниците, пред сè, социолозите и психолозите ќе истакнат дека како една личност ќе се однесува, дали ќе практицира правилно, добро и посакувано или ќе се однесува лошо и насилнички во најголема мера зависи од семејното опкружување и од односите што се практицирале од него. Токму и многубројните истражувања покажале дека младите кои живеат и се социјализираат во семејства каде што владеат хармонија и разбирање и каде што несогласувањата се ретки и се разрешуваат по мирен пат, тогаш и членовите на семејството, посебно младите, кои се љубители на спортот и посетуваат спортски манифестации или се членови на навивачки групи, нема да предизвикуваат и нема да учествуваат во насилно однесување.

Општата атмосфера која владее во семејството се пресликува и во интеракцијата со другите луѓе. Во таа насока, поединците кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, почитување, љубов и разбирање, генерално, манифестираат попозитивен став кон другите луѓе, имаат развиено чувство на независност и сигурност во себе, урамнотежени се итн. За разлика од нив, оние што потекнуваат од семејства во кои конфликтите се секојдневна појава или во кои постои отфрлање и незаинтересиран однос од страна на родителите манифестираат

негативна слика за себе, ниска самодоверба и самопочит и неретко се вклучуваат во насилни поведенија. Постојат многу истражувања кои докажуваат дека топлиот и срдечен однос на родителите кон децата претставува важен услов за успешна социјализација. Ова произлегува оттаму што во ситуација во која постои топол однос полесно се формира чувство на одговорност и се јавува чувство на вина доколку се прекрши поставената норма. Тоа е така зашто родителите се најважни модели кои ги пренесуваат вредностите и ставовите што се етаблирани и прифатени во општеството и врз основа на кои поединецот го гради својот систем на вредности и верувања. Секој поединец ги заснова своите постапки и активности врз претходно формиран морален кодекс чии основи се поставуваат во семејството. Тука не смее да се изостави и родителскиот стил и токму научниците потенцираат дека поединци кои растат и се развиваат во семејство каде што односите меѓу членовите се топли, релаксирани, со љубов и разбирање, многу поретко ќе се манифестира насилно однесување.

## 3. Истражувања што ја поткрепуваат позитивната улога на семејството во превенирање насилство за време на спортски манифестации

Постојат низа истражувања што го потврдуваат влијанието и улогата на семејството врз превенирање насилство за време на спортски манифестации. Едно од истражувањата е реализирано во периодот од 2008 до 2010 година и тоа во рамките на клучните спортови – ракомет, кошарка, фудбал и одбојка и преку одредени параметри може да се согледа односот на семејството и насилството. Според авторите Анастасовски, Стојаноска (2010), за да се истражи врската меѓу семејството и насилството на спортски манифестации е клучно да се согледаат и односите во семејството и типот на семејството. Истражувачките резултати од тоа истражување се во согласност со теоретските сознанија и говорат дека најголемиот процент од оние што живеат во семејства каде што односите меѓу членовите се релаксирани, со љубов и разбирање никогаш не учествувале во инцидент за време на спортски манифестации. Спротивно на тоа, поединци кои доаѓаат од семејства каде што односите меѓу членовите се напнати, со повремени расправии, а некогаш и често, се учесници во инциденти. Или во проценти 49,4 % од посетителите кои изјавиле дека односите во семејството им се релаксирани и со љубов никогаш не учествувале во инцидент за време на спортска манифестација. Наспроти ова, 40 % од испитаниците кои изјавиле дека односите во семејството им се напнати биле чести учесници во инциденти за време на спортски манифестации.

Исто така, од ова истражување е интересен и податокот според кој 56.57 % од оние лица кои имале релаксирани и топли семејни односи стоеле настрана за време на насилен инцидент во рамките на одредена спортска манифестација. За разлика од нив, 50 % од оние лица кои живеат во семејства каде што односите се напнати и се со повремени расправии физички се пресметувале за време на спортска манифестација. Интересно е да се спомене и тоа дека 40.9 % од испитаниците кои изјавиле дека односите во семејството им се релаксирани и коректни биле директни учесници во насилни инциденти, а 33.3 % од испитаниците кои имале не-

заинтересирани и студени односи со повремени расправии во семејството вербално ги навредувале другите посетители. Од истото истражување може да се види и податокот дека 47.4 % од испитаниците кои живеат во семејства каде што владее љубов и разбирање секогаш стојат настрана за време на каков било насилен инцидент за време на спортска манифестација, додека 50 % од оние што живеат во семејства каде што владее напнатост и расправија употребуваат физичко насилство на спортски манифестации. Интересен е и следниов податок, според кој лицата кои реагираат смирено и не се караат во семејството во најголем процент (44.25 %) никогаш не учествувале во насилен инцидент на некоја спортска манифестација. За разлика од нив, 47.82 % од оние што се расправаат или физички се пресметуваат во рамките на сопственото семејство често се вклучуваат во насилни инциденти на спортски манифестации (Анастасовски, Стојаноска, 2010).

## Заклучок

Сите релевантни истражувања во нашата држава, но и во европски рамки го истакнуваат значењето и улогата која ја има семејството како значаен фактор за превенирање и спречување насилно однесување за време на спортски манифестации. Она што посебно треба да се истакне се неколкуте факти и тоа: општата атмосфера и односите што владеат во семејството, како и начинот на кој ги решаваат меѓусебните проблеми значително влијаат врз однесувањето на поединците за време на спортски манифестации. Попрецизно, оние што живеат во семејства каде што се практицира каков било тип насилство (вербално, психичко, физичко) истото тоа ќе го практицираат и за време на спортска манифестација. Со право може да се заклучи дека доколку младите живеат и се социјализираат во семејство во кое владее хармонија и разбирање и каде што несогласувањата се ретки и се разрешуваат по мирен пат, тогаш и членовите на семејството кои се љубители на спортот или посетуваат спортски манифестации (како гледачи или членови на навивачки групи) нема да предизвикуваат или да учествуваат во насилни акти. Од сето ова со право може да се потврди дека семејството е клучен фактор за превенирање насилно однесување за време на спортски манифестации, посебно улогата на родителите, како модели на имитација и идентификација, односите во семејството и семејната клима. Доколку во семејството постојат топли односи меѓу членовите, чија основна карактеристика се грижата, сигурноста, љубовта, меѓусебното почитување и уважување на мислењето на секој член, многу е мала веројатноста дека тие ќе манифестираат насилно однесување за време на спортска манифестација. Наспроти ваквата теза, во семејства каде што е присутна напнатост, непријателство, студен и незаинтересиран однос, непостоење љубов, сигурност и внимание, голема е веројатноста дека незадоволството и стресот од таквата состојба ќе се изразат за време на спортски натпревар. Оттука, со право може да се препорача дека кога се изготвува каква било стратегија за превенирање насилство во спортот, мора да се стави и улогата на семејството во преден план, бидејќи се докажа и покажа дека тоа е клучно во превенирање насилство.

## Литература


Анастасовски, А. (1988). *Основи на социологија на физичката култура*. Куманово: Просвета.

Анастасовски, И., Стојаноска, Т. (2010). *Насилство, агресија и спорт*. Куманово: Флексограф.

Arent, H. (2002). *O nasilju*. Beograd: Alexandria Press.

Baćić, F. (1997). *Opšti pogled na krivično-pravnu problematiku delikta nasilja*. Zagreb: Zbornik Krivično i kriminološki aspect delikta nasilja.

Bennett, S., Farrington, D. P., & Huesmann, L.R. (2005). "Explaining gender differences in crime and violence: The importance of social cognitive skills." *Aggression and violent behaviour* 10, 3, 263-288. Elsevier Pub.

Belanćić, M. (2004). *Nasilje*. Beograd: Medijska knjižara Krug.

Камбовски, В. (1997). *Казнено право-посебен дел*. Скопје: Просветно дело.

Koković, D. (1995). "Nasilje kao poništavanje culture." *Dijalog*. Pilot broj.

Koković, D. (2010). *Društvo, nasilje i sport*. Novi Sad: Mediterran.

Mayton, D. M. (2009). *Nonviolence and Peace Psychology: Intrapersonal, Interpersonal, Societal, and World Peace*. Springer.

Milić, A. (2001). *Sociologija porodice, kritika i izazovi*. Beograd: Čigoja Štampa.

Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет.

Petrović, G. (1970). "Moć, nasilje i humanist." *Praxis*. br.1/2.

Schilling, G. (1976). "Aggression and violence in sport." *Bulletin of the Federation Internationale D'Education Physique* 46, no. 4 (Oct-Dec.):162

Szentmartoni, M. (2004). *Svet mladih*. Pančevo: Psihološka studija, Bukur Book.

Žirar, R. (1990). *Nasilje i sveto*. Novi Sad: Književna zajednica.

Wolfgang, M. and Ferracuti, F. (1967). *The Subculture of Violence: Toward and Integrated Theory of Criminology*. London: Tovistock.

World Health Organization (March, 2016). *Bullying and Physical Fights among Adolescents*. Facts Sheet, 15 March, 2016. WHO Europe (accessed on 1.10.2016:http://www.euro.who.int/data/assets/pdf_file/0005/303485/HBSC_No.7_factsheet_Bullying.pdf?ua=1)

WHO, fi-006, World Health Organization: http://health.fi.connect.

*Tatjana STOJANOSKA IVANOVA*

**UDK: 364.63-027.553:796.093.1**
Review article

# THE ROLE OF FAMILY IN THE PREVENTION OF VIOLENCE DURING SPORTS MANIFESTATIONS

***Abstract***

*In the globalization era, the era of technological development and advancement, in the era of expansion of information and the information boom, certain segments of society and phenomena, not only did not join their progressive discourse, by contrast, they suffered recourse and on behalf of them, others that can be freely included in the category of social deviations, did not lose breath with the modern times and have been established on the surface of the society. The family, as a significant factor, suffered a series of transformations in recent decades, but it can still be considered as an institution that is the first bastion in preventing violence. Violent behaviour, especially in recent decades, is increasing. Therefore, one of the key issues that arises in scientific elite's discussions is how it can be prevented properly and truly. Among all types of violence that are part of our everyday lives, violence at sports events predominates. Studies show that the family as an institution, is an important factor in the prevention of violence at sports events.*

***Key words***: *FAMILY, VIOLENCE, VIOLENT BEHAVIOUR, SPORTS MANIFESTATIONS*

## Introduction

Violence in all its specifics and characteristics, is part of our modern society and we have been facing various scenes of violent behaviour every day. In the 21$^{st}$ century, as well as during the previous century, violence was a kind of inevitable "décor" of various manifestations, ranging from national competitions in sports, through school events, to violence in public transport and so on. One of the key issues that dominate the socio-psychological debates on violence, is the question: What mechanisms or factors are essential for preventing violence in all aspects of human life? Undoubtedly, among factors that have an impact on prevention of violence, such as educational institutions, mass media, places where young people spend their leisure time (sports clubs, dance associations) and so on, the most important factor that has the greatest impact on the transformation of violence, is the family.

Although nowadays some scholars, in the modern era and the era of globalization, have rejected the dominant and essential role of the family in the eradication and prevention of various deviations and socio-pathological phenomena, recent studies deny pessimistic views about the impact of family on deviant behaviour and highlight its im-

portant influence. In fact, studies conducted in our country between 2008 and 2010, stressed the crucial role of the family, as a fence from violence during sports events. Therefore, prominent sociologists and psychologists, as well as other scientists dealing with the problems of the family in modern times, still emphasize, although it may sound Marxistic, that family is the crucial cell in any society and the main agent of socialization, as well as the place where the individual is preparing to live in a society.

Violence itself became a characteristic of our contemporary environment and when it is explicit, it rises to the level of moral panic. However, at times when it is not so visible, it is simply forgotten and moved aside. Therefore, discontinuous monitoring of violent behaviour, especially among adolescents and youth, results in not finding a real national strategy to combat and prevent the violence. All these years society talks extensively about it only in ad hoc situations, and when not exposed, it is not absolute and elaborated. During the past years, we witnessed the expansion of violence, especially during sports events. That was the main motivation for certain research to be conducted, aimed at learning more about the key segments of violence reduction. Some of these findings will be presented in this paper, and they aim to confirm the thesis that family, as the primary socialization agent, plays the key role in the suppression of violent behaviour during sports events.

## 1. Family, violence, sports manifestations

Prominent sociologists and scientists wrote about the family and its role in an individual's life. For many of them the family was a key point in their scientific work. In that context, the importance of family as the primary factor of socialization was elaborated by: Frederick Le Play, Wilhelm Riel, Emile Durkheim, Ernest Grote and others, who gave the primary importance to the family. For some of them, family was the basic unit of society, for others it was a social organism, for third it was a place to escape to, and for some - a great human community. Milic also highlights the role of the family as the primary socialization agent and an essential element in conveying correct and true values and moral norms, on one hand, as well as in the prevention of socio-pathological conditions. According to her, Kuli, Berger and Luckmann are emphasizing the essential socializing role of the family, by pointing that each human being with unlimited potential must be socialized and properly guided in order to achieve the best of him/her. Therefore, as she points out, family should be an environment that will act to carry out the process of the formation of personality, and so it should possess the following characteristics: relative durability due to the complexity in transmission patterns, improved activity due to deep adoption of internalized patterns, to allow the settling of value patterns and enable the protection of young individuals from incoherent value systems in society (Milić, 2001, 237-242).

Violence is a serious social problem. It is rightly said that there is no society that knows no violence. Scenes and consequences of violence could be witnessed across the media, on the streets, in our homes, in schools, at work, in organizations. Violence is a universal whip that beats in their community and threatens the life, health and happiness of all people. Every year, millions of people around the world lose their lives as a

result of violence, and for each person who lost his/her life due to violence there are many other people who are injured or suffer as a result of violence.

Among many authors who study the phenomenon of violence, we will emphasize the most comprehensive definitions, which contain the essential elements of violence and violent behaviour. For Kambovski, violence represents a special form of crime. Violence (bullying) is part of the classic crime that represents the richest group comprising several types of criminal acts with the same or similar crime-relevant features and here the focus is about typical act of violence for violence (Kambovski, 1997). Hesnard, when speaking about violence, uses a phrase that aggression is in the structure of violent behaviour. According to him, violence is an extreme form of aggression, which is expressed as illegitimate and unjustified use of force (physical and psychological), which is manifested as organized or spontaneous ritual or shamelessly used violence, and more recently also appears as instrumentalized violence. Schilling points out that violence can be manifested in real or imagined work, with words, with physical activity, with the damage we are doing to ourselves or to others, with forms that society or social group approve or disapprove of and so on (Schilling, 1976).

When speaking about violence, Galtung would highlight concepts, such as direct, structural and cultural violence. According to him, direct or personal violence is that in which we recognize the perpetrator. Violence that has no recognizable executor is called structural violence, while cultural violence refers to those aspects of culture that are used to justify or legitimize direct or cultural violence. He states that there are no violent cultures - those in all their aspects would include violence, but there are cultures of violence (oppression through ideology). Hence, violence has a negative impact on basic human needs, or on life, that can be avoided and which limits the potential for meeting those needs (Galtung, in Anastasovski, Stojanoska, 2010, 24).

Sports events are games and a celebration of social links and understanding between different cultural traditions. Therefore, it is very important to ensure that they are peacefully and safely ongoing in a secure environment. Sports events are commonly defined as a form of public events that stimulates the behaviour of thousands of people in a certain period of time (Anastasovski, 1988). However, lately, sports events are arenas for battles, where violent behaviour is manifested, so, in certain way, they represent small simulation of combat. International competitions, especially among people, cause combat instinct and ritual conflict between the nationalities.

## 2. Family and its role in prevention of violence during sports manifestations

Family is the primary agent of socialization and social institution the function of which is to provide proper psychosocial development of a person, its promotion and preparation for social life. Depending on the manner one socializes and on the values he/she accepts through this process, the individual will behave in each segment of life according to that experience. Therefore, when studying the role of the factors preventing violence in any sphere, especially in sports, family and relationships between its members is essential in order to perceive its high impact.

Proceeding from this understanding of family and indicating its essential functions, scientists concentrate on its socializing function, putting emphasis on social control and individual promotion. According to many of them, family members share responsibilities and limit personal freedom for the support and care they receive from other members. Family support, on the other hand, contributes to the achievements of individuals and society as a whole. These relationships of support are based not only on emotional ties, but also on values and norms transmitted from one generation to the next. Ties between generations, particularly reciprocal relationships of younger and older family members, differ from other forms of social institutions.

When analysing and studying the family, scientists, mainly sociologists and psychologists, will point out that how a person will behave, whether he/she will practice what society values as correct, good and desirable, or will behave badly and violently, largely depends on the family environment and the relationships among its members. Reasonable number of studies have shown that young people who live and socialize in families in which harmony and understanding dominate and in which disagreements are rare and are resolved peacefully, family members, especially young people, who are fond of sports and attend sports events, or are members of fan groups, will not cause and will not participate in any form of violent behaviour.

The general atmosphere in the family is also reflected in the interactions with other people. In this regard, individuals from families in which there is mutual trust, respect, love and understanding, generally manifest more positive attitudes toward others, have developed a sense of independence and self-confidence, are balanced and so on. Unlike them, those originating from families in which conflicts occur on daily bases, or where there is a rejection and careless behaviour from the parents, manifest negative self-concept, low self-confidence and self-esteem and often engage in violent behaviour.

There are many studies that prove that the warm and caring relationship between parents and children is an important condition for successful socialization. This stems from the fact that in a situation where there is such relationship, it is easier to form a sense of responsibility and feel guilt if breaking the established norm. That is the reason why parents are the most important models who transmit values and attitudes that are established and accepted in society and on the basis of which an individual builds his/her system of values and beliefs. Each individual's actions and his/her activities based on previously established moral code have bases in the family. Parenting styles are also very important in this regard. In this sense, scientists emphasize that those individuals who live and develop in the family where relations between members are warm, relaxed, full with love and understanding, will manifest violent behaviour very rarely.

## 3. Research of the positive role of the family in prevention of violence during sports manifestations

There are many studies that confirm the impact and the role of the family on in preventing violence during sports events. One research was conducted in the period from 2008 to 2010. It included key sports, such as handball, basketball, football and volleyball, as well as certain parameters for measuring the relationship between family and violence. Anastasovski and Stojanoska studied the relationship between the family and violence in sports events and according to them, it is crucial to identify both family relations and the type of family. The research findings are consistent with the theoretical knowledge and show that the largest percentage of those living in families where relations between members are relaxed, loving and understanding, never participated in an incident during sports events. In contrast, individuals who come from families where relations between members are tensed, with occasional and sometimes frequent quarrels, participate in the incidents. Given in percentages, 49.4% of visitors who stated that their family relations are relaxed and loving, were never involved in an accident during a sports event. In contrast, 40% of respondents who said that their family relations are strained, were frequent participants in incidents during sports events.

Furthermore, 56.57% of those who had relaxed and warm family relations stood aside during a violent incident within a particular sports event. Unlike them, 50% of those living in families where relations are tensed with occasional bickering, were part of physically violent actions during the sport event. It is interesting to mention that 40.9% of respondents who said that family relations are relaxed and correct, were direct participants in violent incidents, while 33.3% of respondents who were indifferent and had distant relationships in the family, with occasional quarrels, verbally insulted other visitors. From the same research it can be seen that 47.4% of respondents living in families where there is love and understanding will always stand on the side during any violent incident at a sports event, while 50% of those living in families where tension and arguments are present, used physical violence at sports events. The data also show that individuals who react calmly and do not engage in quarrels in the family (44.25%), have never participated in a violent incident at a sports event. Unlike them, 47.82% of those arguing or physically engaging in a fight within their own family, are often involved in violent incidents at sports events (Anastasovski, Stojanoska, 2010).

## Conclusion

All relevant research in our country, but also within Europe, has stressed the importance and the role of the family in prevention and suppression of violent behaviour during sports events. What it should be specifically pointed out, are the following facts: general atmosphere and the relationships that exist in the family, the way its member are solving mutual problems, significantly influence the behaviour of individuals during sports events. Specifically, those who live in families where any type of violence (verbal, psychological, physical) is present, will behave in the same way during the sport event. Thus, it can be concluded that if young people live and socialize in a har-

monious and understanding family, where disagreements are rare and are resolved peacefully, then the family members who are fond of sports or are attending sports events (as viewers or members of fan groups), will not cause or participate in any violent acts.

From all the aforementioned, it can be confirmed that the family is a key factor in prevention of violent behaviour during sports events, in particular the role of parents as models of imitation and identification, family relations and family environment. If the family nurtures warm relations among its members, whose main features are care, safety, love, mutual respect and value of opinion of each member, the likelihood that they will exhibit violent behaviour during the sports event is very low. On the contrary, in families where tensions, hostility, cold and indifferent attitude are present, as well as the lack of love, security and attention, the probability that the dissatisfaction and stress of this situation will be expressed during sports competition is very high. Hence, it can be recommended that when preparing any strategy for preventing violence in sports, the role of family should be placed in the foreground, since it is confirmed that it is essential in preventing violence and violent behaviour.

**References**


Анастасовски, А. (1988). *Основи на социологија на физичката култура*. Куманово: Просвета.

Анастасовски, И., Стојаноска, Т. (2010). *Насилство, агресија и спорт*. Куманово: Флексограф.

Arent, H. (2002). *O nasilju*. Beograd: Alexandria Press.

Baćić, F. (1997). *Opšti pogled na krivično-pravnu problematiku delikta nasilja*. Zagreb: Zbornik Krivićno i kriminološki aspect delikta nasilja.

Bennett, S., Farrington, D. P., & Huesmann, L.R. (2005). "Explaining gender differences in crime and violence: The importance of social cognitive skills." *Aggression and violent behaviour* 10, 3, 263-288. Elsevier Pub.

Belanćić, M. (2004). *Nasilje*. Beograd: Medijska knjižara Krug.

Камбовски, В. (1997). *Казнено право-посебен дел*. Скопје: Просветно дело.

Koković, D. (1995). "Nasilje kao poništavanje culture." *Dijalog*. Pilot broj.

Koković, D. (2010). *Društvo, nasilje i sport*. Novi Sad: Mediterran.

Mayton, D. M. (2009). *Nonviolence and Peace Psychology: Intrapersonal, Interpersonal, Societal, and World Peace*. Springer.

Milić, A. (2001). *Sociologija porodice, kritika i izazovi*. Beograd: Čigoja Štampa.

Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет.

Petrović, G. (1970). "Moć, nasilje i humanist." *Praxis*. br.1/2.

Schilling, G. (1976). "Aggression and violence in sport." *Bulletin of the Federation Internationale D'Education Physique* 46, no. 4 (Oct-Dec.):162

Szentmartoni, M. (2004). *Svet mladih*. Panćevo: Psihološka studija, Bukur Book.

Žirar, R. (1990). *Nasilje i sveto*. Novi Sad: Književna zajednica.

Wolfgang, M. and Ferracuti, F. (1967). *The Subculture of Violence: Toward and Integrated Theory of Criminology*. London: Tovistock.

World Health Organization (March, 2016). *Bullying and Physical Fights among Adolescents*. Facts Sheet, 15 March, 2016. WHO Europe (accessed on 1.10.2016: http://www.euro.who.int/data/assets/pdf_file/0005/303485/HBSC_No.7_factsheet_Bullying.pdf?ua=1)

WHO, fi-006, World Health Organization: http://health.fi.connect.